Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Avokatura Shtetërore e Republikës
së Maqedonisë

**02-406/1**
Скопје , **15.09.2021** година

Државно правобранителство
на Република Северна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351
e-mail. dpskopje@dprm.gov.mk

Врз основа на член 9 став 1 од Законот за државното правобранителство (Сл. Весник на РМ бр. 87/07 и 104/15), а во врска со член 41 и член 43 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20) Државниот правобранител на Република Северна Македонија, донесе

## ОДЛУКА
## за определување офицери за заштита на личните податоци

1. Се определува **Нуркан Љоки**, вработен-а во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, на работно место со звање Помлад соработник за евиденција на вработени, за офицер за заштита на личните податоци во Државното правобранителство на Република Северна Македонија,.

   Се определува **Лидија Митревска**, вработен-а во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, , на работно место со звање Помлад соработник за обука, вработување и мотивација, за офицер за заштита на личните податоци во Државното правобранителство на Република Северна Македонија,.

2. Офицерот за заштита на личните податоци ги врши најмалку следните работи:
   (а) ги информира и советува контролорот или обработувачот и вработените кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од овој закон;
   (б) ја следи усогласеноста со овој закон, со други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;
   (в) каде што е потребно, дава совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи

извршувањето на процената во согласност со членот 39 од Законот за заштита на личните податоци;
(г)соработува со Агенцијата;
(д) дејствува како контакт точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи ја претходната консултација од членот 40 од овој закон, како и советување според потребите за сите други прашања.

При извршувањето на своите работи, офицерот за заштита на личните податоци ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката.

**3.** Офицерот за заштита на личните податоци е должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи, во согласност со закон.

**4.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**5.** Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Оодлука ДП бр. 02-856/18 од 20.11.2018 година на Државниот правобранител на Република Македонија.

**Образложение**

Согласно член 41 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), контролорот и обработувачот се должни да определат овластено лице за заштита на личните податоци - офицер за заштита на личните податоци-офицер за заштита на личните податоци, кој ги врши работите такстативно наброени во член 43 од истиот закон .

Имајќи го во предвид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ДОСТАВЕНО ДО :**
- државнит службеници Нуркан Љоки и Лидија Митревска
- персонално досие;
- Агенција за заштита на лични податоци
- во предмет

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Фехми Стафа**

**Изработил:** Генерален секретар Андријана Сливоска